Во табеларниот приказ дадени се билансните и нумеричките показатели за градежната парцела. Во табелата се дадени: бројот на градежната парцела, максимална висина на градбите изразена во метри, максималниот број на катови, површина за градба и процентот на изграденост.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА						ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА						
број на градежна парцела	класа на намена	компат. класа на намена	процент на учество %	површина на парцела м2	вид на градба	апроксим. површина за градење во приземје м2	максим. изграденост на приземје м2	максим. височина м	број на спратови	вкупно изградена бруто површина м2	процент на изграден. %	коефиц. на искорист. к
1.	А4	Б1 Б3 В2 Д3	30%	8081.64	ВИКЕНД КУЌИ	5966.08	3232	10.20	П+2+Пк	до 8080	до 40%	до 2.5

НАПОМЕНА: ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА ЌЕ СЕ РАЗРАБОТУВА СО АУП СОГЛАСНО ЧЛЕН 51 ОД ЗПУП

6. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

6.1 Сообраќајна инфраструктура

До оваа градежна парцела се пристапува од локален земјен пат поврзан со бул. Туристичка или преку Регионалниот пат Р-1208 (420).

Потребата за паркирање ќе се обезбеди во рамките на градежната парцела Потребниот број на паркинг места, прецизно ке се утврди во понатамошната разработка на градежната парцела со изработка на архитектонско - урбанистички проект и целосно ќе се дефинира при издавањето на Одобрение за градба, во согласност со членовите 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16,134/16, 33/17 и 86/18).

6.2. Водоснабдување

Предвидените плански решенија, во целост се превземени од постојната состојба кои се презентирани во соодветниот графички прилог.
Планскиот опфат со вода за пиење се снабдува од регионалниот водоснабдителен систем на Струга.

6.3. Фекална и атмосферска канализациона мрежа

Одводнувањето на фекалните и отпадни води е решен со колекторскиот систем.

6.3.1. Атмосферска канализација


Атмосферските води како и досега ќе се испуштаат површински на терен, без посебен третман.




ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА СО БИЛАНСИ

		површина на гр.парцела	површина на партерно уредување и зеленило	процент на партерно уредување и зеленило
1	A4	4 558 m²	900 m²	19,75 %

Пресек А-А
M=1:250



Пресек Б-Б
M=1:250




ЛУПД ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1, НАМЕНЕТА ЗА ИЗГРАДБА НАВИКЕНД КУЌИ, НАМЕНА А4 -ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА КП 2007 ВО КО МИСЛЕШЕВО (ВОН ГРАД)

ОПШТИНА СТРУГА

ЛЕГЕНДА

- ПЛАНСКИ ОПФАТ П = 0.81Ха
- РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГП — ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА УЛ. ТУРИСТИЧКА
- ВЛЕЗ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА
- 694,70 — ВИСИНСКА КОТА НА ПРИСТАПЕН ТРОТОАР
- A4 — ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ
- АСФАЛТИРАН ПАТ
- НЕАСФАЛТИРАН ПАТ (макадам)
- 1 — БРОЈ НА Г.ПАРЦЕЛА
- A4 — НАМЕНА НА ПАРЦЕЛА



М = 1 : 1000

50 М 20 10 2

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

КОНТРАКТОР / ИЗРАБОТУВАЧ:

НЈУ ВИЖЕН ДОО ОХРИД

УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ, НАДЗОР И ИНЖЕНЕРИНГ

Ул. Цар Самоил 84, 6000 Охрид
contact@new-vision.mk

НАРАЧАТЕЛ: ВЕАП АЈРО

ДОНЕСУВАЧ: ОПШТИНА СТРУГА

НАСЛОВ: ЛУПД ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1, НАМЕНЕТА ЗА ИЗГРАДБА НАВИКЕНД КУЌИ, НАМЕНА А4 -ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА КП 2007 ВО КО МИСЛЕШЕВО (ВОН ГРАД), ОПШТИНА СТРУГА

ФАЗА: ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПРИЛОГ: СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН

РАЗМЕР: 1 : 1000

ТЕХ. БР.: 11 / 16

УПРАВИТЕЛ: Георги Хаџиев, дипл.инж.арх.

НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: Георги Хаџиев, дипл.инж.арх., одговорно лице бр. 0340

СОРАБОТНИЦИ: Никола Верушески, м-р.инж.арх.; Џан Сулејман, м-р.инж.арх.

ДАТУМ: ДЕКЕМВРИ

ПРИЛОГ: 10

8. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Напомена :

Во изработката на ЛУПД за формирање на Градежна парцела 1, наменета за изградба на викенд куќи - намена А4 (времено сместување) на К.П.2007 во К.О.Мислешево (вон град), Општина Струга треба да се почитуваат одредбите од Т. 9.2.2.3 Села и крајбрежни населби – зона III-д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата) – "Забранети активности во заштитна зона III-д" како и мерките за заштита и тоа:

ЗАБРАНЕТИ АКТИВНОСТИ ВО ЗАШТИТНА ЗОНА III - д:

- интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат;
- изградба на објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 40%;
- реконструкција на легално изградените станбени објекти во постојниот габарит;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Надвор од градските подрачја (надвор од опфат на ГУП), со исклучок на крајбрежниот појас, во согласност со насоките и критериумите утврдени во Просторниот план на Охридскопреспанскиот Регион, може да се планираат:

- инфраструктурни градби (првенствено со користење на постојните траси и коридори за да се заштитат шумите и земјоделското земјиште, односно уништувањето на интегритетот на природните структури создадени од човекот со задолжително изработувањеа Стратегија за оцена на влијанието врз културното наследство);
- активности кои ќе ги подобрат условите за живеење и стопанисување преку ревитализација на руралните населби преку принципот на интегрален развој и потребите на селскиот и екотуризам (во согласност мерките на заштита и со претходна согласност од надлежните институции);
- реконструкција на легално изградени станбени објекти во постојниот габарит.

При градењето надвор од градските подрачја не се дозволува:

- формирање нови населби на неизграден простор (простор кој ја опфаќа заштитната зона 2-б во делот за природно наследство);
- зафаќање на крајбрежниот појас од Охридското Езеро;
- користење на квалитетно земјоделско земјиште со негова пренамена во градежно земјиште за градење со пренамена;

На планинските и водените површини активностите ќе се одвиваат исклучиво во функција на ограничено и контролирано економско искористување на природните ресурси (шумарство, лов, рекреација и екотуризам).

Генерално гледано, мерките за заштита во крајбрежјето на Охридското Езеро ќе обезбедат трајно зачувување на природните и на културните вредности и ќе спречат значајни промени на тие вредности преку следните активности:

- зачувување на природниот амбиент и спречување пренамена и заземање на овие простори за градежни активности кои би го нарушиле крајбрежниот пејзаж;

- спречување на градежното зафаќање на релјефни возвишенија, доминантни места каде со изградбата на објекти ќе се наруши крајбрежниот пејзаж; погледите од панорамските видиковци во голема мера го подобруваат разбирањето на карактерот, поставеноста и општиот изглед на доброто;
- изградба на објекти надвор од границите на градските подрачја ќе биде со контролиран габарит; при обликувањето на градбите ќе се користат материјали и бои приспособени на природните обележја на околниот простор и традиционалната архитектура;
- штитење на значајните визури од градење на големи градби;
- планирање на трасите од инфраструктурата (патишта и сл.) ќе биде долж природната релјефна морфологија на теренот, а доколку се потребни поголеми морфолошки промени (насипи, засеци и сл.) се препорачува градежните елеменети да бидат одвоени од теренот за да се обезбеди целовитост и споеност со пределот;
- типологијата, габаритот и висината за изградба на угостителско-туристички како и објекти за одмор и рекреација надвор од населените места ќе се одредуваат врз основа на анализа на визуелната поставеност и вклопеност во постојното природно опкружување.

Параметрите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Локалната урбанистичка планска документација и имаат правно дејство само врз градителската активност, која ќе следи по стапување на сила на ЛУПД за Градежна парцела 1, наменета за изградба на викенд куќи - намена А4 (времено сместување) на К.П.2007 во К.О.Мислешево (вон град), Општина Струга.
Со параметрите се уредуваат условите за градба на просторот во рамките на утврдената граница на опфатот. Сите нумерички податоци во графичките прилози се ориентациони (графички отчитани).

8.1 ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ПЛАНСКИ ОПФАТ

I. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето

1. Регулаторна линија

Регулаторни линии представуваат: регулациона линија и граница на градежна парцела

- **Регулационата линија** го разграничува градежното земјиште за општа употреба и градежното земјиште за поединечна употреба. Вертикалната рамнина на која лежи оваа линија го разграничува тој простор над котата на теренот и под котата на теренот
- **Граница на градежна парцела** е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели. Вертикалната површина на која лежи оваа линија е всушност површината која го ограничува правото на градба над површината на земјата и под површината на земјата, на секој поединечен носител на право на градба. Еден поединечен носител на право на градба може да представува едно или повеќе физички или правни лица.

2. Градежна линија

Градежната линија ја одредува границата на површината за изградба. Градежната линија преставува пресек на вертикална рамнина со рамнината на теренот и го дефинира просторот за изградба од нивелетата на партерот до дозволената висина на градба.

Отстапувањата од градежната линија се дефинирани во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16,134/16, 33/17 и 86/18), Градежната линија како симбол за

граница на површина за градење на новопредвидените објекти, се определува минимум 3.0 м за градби со височина до 10.20м (мерено од тротоарот до кота на венец),потоа најмалку 1/3 за градба со височина над 10.20м. Растојанијата важат за страни од површината за градење на кои се предвидуваат регуларни отвори за градење (растојание од објектот до граница на парцелата) и 1.2 м за страни со помошни отвори. На растојанија поголеми од 3.0м дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата.

3. **Дозволена максимална висина за градба**
Максимална височина за градба е изразена како вертикално растојание помеѓу влезниот тротоар и завршниот венец на градбата. Максималната височина е изразена во должни метри, и истата изнесува од 10.2 м.
Горниот венец е секогаш во вертикална рамнина со градежната линија, а отстапување е можно во рамките на фасадната пластика согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

4. **Површина за градба**
Површина за градење е планска одредба со која во урбанистичките планови се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење градби.
Површината за градба е дефинирана со границите на градежните линии дадени со планот, како и параметрите дефинирани со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16,134/16, 33/17 и 86/18).

Во планираната градежна парцела предвидена е апроксимативна површина за градба која понатака ке се разработува со АУП за разработка на градежната парцела. Површината за градење е со намена времено сместување А4 - класа на намена викенд куќи.

5. **Процент на изграденост и процент на искористеност на земјиштето**
Процент на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу бруто површината на земјиштето под градба, сметано во приземната плоча, и површината на градежното земјиште. Процентот на изграденост на земјиштето всушност ја покажува густината на изграденост.

Согласно на член 9.2.2.3 од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020 – 2029 г. (Сл. весник на РМ бр.45/20) - за заштитна зона III-д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата), максималниот дозволен процент на изграденост во планскиот опфат изнесува 40%.

Процентот на искористеност на земјиштето е даден во табреларниот преглед за градежна парцела.

Коефициентот на искористување и процентот на изграденост се дефинирани во зависност од типот на објектот, согласно член 52 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16,134/16, 33/17 и 86/18).

6. **Фасади**
Покрај условите кои произлегуваат од дозволените граници за изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нејзино максимално усогласување со соседните објекти, но сепак со максимално почитување на персоналноста на објектите и креативноста на архитектот.

Посебно да се обрне внимание на употребата на соодветни материјали за фасадите, кои ќе го респектираат и ќе се надоврзат на архитектурата на амбиентот.

7. **Кровови**
   Формата и висината на кровот се определува во зависност од предложената архитектура на објектот. Кровот треба да се изведе со пад не поголем од 40 степени и завршна обработка со стандардни покривачи.
   Височината на слемето во секој случај не смее да е поголема од 4,50 м во однос на котата на завршниот венец.

8. **Партер**
   Во партерното уредување да се применува природен материјал и да се изработи ситуационо решение при изработка на идејните проекти.

9. **Огради**
   Максималната висина на оградата кон улица изнесува 1,60 м, и тие по изглед и материјал треба да се вклопат во амбиентот на просторот.

10. **Градителско наследство**
    При градење на градбите, односно при вршење на земјани работи, доколку се наиде на артефакти со потенцијален значај од аспект на културно историското наследство, задолжително да се прекине со работа, да се извести надлежниот завод за заштита на споменици и да се чекаат инструкции за понатамошно делување од нивна страна.

8.2 ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ГРАДБИ КОИ ВАЖАТ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Градежна парцела 1
Намена:
Во градежната парцела планирана е изградба на викенд куќи А4

Параметри:

• Површината на градежната парцела	8081.64м2
• Апроксимативната површина за градење во приземје	5966.08 м2
• Максимална изграденост во приземје	3232 м2
• Максимална вкупно изградена бруто површина	макс. 9696 м2
• Процент на изграденост на земјиштето	до 40 %
• Коефициент на искористеност на земјиштето	до 1,2
• Максимална спратност	П+2+Пк.
• Максимална височина на градбата	10.2 м

Паркирање :
Паркирањето треба да се обезбеди во рамките на градежната парцела, а потребниот број на паркинг места, прецизно ке се утврди во понатамошната разработка на градежната парцела со изработка на архитектонско - урбанистички проект и целосно ќе се дефинира со основниот проект во согласност со членовите 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16,134/16, 33/17 и 86/18).

Дополнителни услови

- **Условите за изградба** на планираните градби да се разработаат и да се дефинираат со изработка на архитектонско -урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

- **Диспозицијата на површините за градење и светлосните отвори на градбата**
  Условите пропишани во член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16,134/16, 33/17 и 86/18) со кој се дефинира диспозицијата на површините за градење и светлосните отвори на градбите преставуваат основен предуслов за максимално дозволена висина и површина за градба при добивање на Решение за локациски услови за градбата.

- **Зеленило**
  Просторот надвор од површината за градење треба да се уреди партерно како и озелени со парковско зеленило.

- **Заштита на животната средина**
  Со цел да се обезбеди заштита на животната средина преку запазување на поставените стандарди, потребно е да се има во предвид следното:

  - Доколку при уредувањето на просторот се наиде на археолошки артефакти, односно до откривање на материјални остатоци со културно - историска вредност, потребно е да се постапи согласно со член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр.20/04 и 115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за **заштита на културното наследство.**

  - Доколку при изработка на ЛУПД на просторот се дојде до одредени нови сознанија за **природни реткости** кои може да бидат загрозени, потребно е да се преземат мерки за заштита согласно **Законот за заштита на природата** (Сл.весник на РМ бр. 67/04, 14/06 и 84/07).

- **Мерки за за заштита на културното наследство.**
  Доколку при реализација на објектите се дојде до откривање на објекти, односно предмети од материјалната култура на Република Македонија ќе биде потребно да се постапи согласно Член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16),

- **Мерки за спречување на бариери за лица со инвалидитет**
  За обезбедување услови за движење на лица со инвалидитет важат одредбите од точки 75, 76, 77, 78 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16,134/16, 33/17 и 86/18).

Дополнителни услови за приклучување во електроенергетска инфраструктурата

- Низ планскиот опфат поминува 35 КВ надземен далнвод. Надземниот електродистрибутивен вод минува во правец југоисток – северозапад. Заради добивање на поголема корисна површина за градба во градежната парцела се предвидува можност за дислокација на надземниот дистрибутивен вод и негова замена со подземен електровод, но со предходно добиена согласност и регулирани услови помеѓу Инвеститорот и ЕВН. Целокупната изведба на електроинсталацијата треба да се изврши почитувајќи го Правилникот за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови.

Приклучувањето во инфраструктурната мрежа и приклучната точка како и условите за градење во заштитната зона на надземниот вод (доколку тој остане) односно условите за градење во заштитната зона на подземниот вод (доколку тој се дислоцира) ке бидат дополнително одредени и означени во фаза на изработка на Архитектонско урбанистички проект после усогласување и во договор со "ЕВН Македонија"АД КЕЦ Струга.

- Во дворното место во градежната парцела, во површината за градба, доколу има потреба и само во функција на планираните градби, дозволено е поставување на објект со намена Е2 – комунална супраструктура (трафостаница), а нејзината местоположба и капацитет ке бидат одредени во фаза на изработка на урбанистички проект и во договор со ЕВН Македонија АД, КЕЦ Струга.

Дополнителни услови за приклучување во електроенергетска инфраструктура превземени од Потврдата за подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа и објекти издадена од ЕВН Македонија, АД Скопје – КЕЦ Струга бр.14-309/1 од 25.01.2017 год.

- Низ планскиот опфат минува 0.4 КВ мрежа која не е евидентирана во техничката документација на ЕВН. Во случај на одредени зафати потребно е да се обезбеди присуство на стручно лице заради идентификација на неевидентираните инсталации.
- Во зависност од обемот и вкупната потрошувачка на објектите кои се планирани во планскиот опфат потребна е изградба на трафостаница, кабловски (подземен) далековод и кабловска (подземна) НН мрежа за предвидените локации во ЛУПД.
- Потребно е целосно почитување на законските и подзаконските прописи и работни норми кај сите вкрстувања и приближувања кон објектите на ЕВН Македонија АД, Скопје.
- Доколку при изградбата на објектите е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и постројки на ЕВН Македонија АД, Скопје инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.
- Во случај на настанување на штета на електроенергетските објекти инвеститорот е должен да ја надомести штетата на ЕВН Македонија АД, Скопје
- Во согласност со актуелната законска регулатива под далеководи и во траса на далеководи да се внимава на условите кои се предвидени за градење во близина на далеководи.

*
* *

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
03-469/3-60/2023 од 22.06.2023 11:36:53

03-469/3-60/2023

ПОТВРДА

за проверка на геодетски елаборат

КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД

Се потврдува дека ГЕО СУРВЕЈ ЏИЛА ДООЕЛ, 6864864, ПРОЛЕТЕРСКИ БРИГАДИ 44 - СТРУГА на ден 22.06.2023 во 11:35:52 часот до Агенцијата за катастар на недвижности достави пријава за проверка на геодетски елаборат заведена под број 03-469/3-60/2023

КО.: МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД / Парцела: 2007

За да го искористите изработениот геодетски елаборат, внесете ја следната лозинка 'B9LQPIZ', на https://ekatlite.platform.katastar.gov.mk/ekatlite.

Овластено лице

Кујтим Џила

М.П.

(име, презиме и потпис)

ТЕКСУАЛЕН ДЕЛ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 1.0 ПО ЛУПД НАМЕНЕТА ЗА ИЗГРАДБА НА ЗГРАДИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ СО АПАРТМАНИ И СТУДИЈА - (А4.1) НА КП 2007 ВО КО МИСЛЕШЕВО (ВОН ГРАД), ОПШТИНА СТРУГА

ВОВЕД

Во согласност со член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 32/2020, бр. 111/2023, бр. 73/2023, бр. 171/2024, бр. 224/2024 и бр. 40/2025) и член 60 и 61 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022, бр. 99/2023 и бр. 07/2025), ЛУПД во формирана градежна парцела 1.0 наменета за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија – (А4.1) на К.П.2007 во К.О.Мислешево (вон град), Општина Струга е изработен Урбанистички проект за разработка на Г.П 1.0 се изработува врз основа на Проектна програма, што се состои од текстуален и од графички дел, со која се уредуваат специфичните потреби и можности на подрачјето во рамки на опфатот.

Во согласност со член 58 став (2) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 32/2020, бр. 111/2023, бр. 73/2023, бр. 171/2024, бр. 224/2024 и бр. 40/2025) изработувач на Урбанистички проект за разработка на Г.П 1.0 од ЛУПД во формирана **г**радежна парцела 1.0 наменета за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија – (А4.1) на К.П.2007 во К.О.Мислешево (вон град), Општина Струга е правно лице со лиценца за изработување на урбанистички планови „НЈУ ВИЖЕН“ со бр. на лиценца 0.082.

Урбанистички проект за разработка на ГП 1.0 по ЛУПД наменета за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија - (А4.1) на КП 2007 во КО Мислешево (вон град), Општина Струга ќе се изработува согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 32/2020, бр. 111/2023, бр. 73/2023, бр. 171/2024, бр. 224/2024 и бр. 40/2025) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022, бр. 99/2023 и бр. 07/2025) како и останатата важечка законска регулатива.

Основа за изработка на Урбанистички проект за разработка на Г.П 1.0 од ЛУПД за формирање на **г**радежна парцела 1.0 наменета за изградба е член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 32/2020, бр. 111/2023, бр. 73/2023, бр. 171/2024, бр. 224/2024 и бр. 40/2025) 52 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022, бр. 99/2023 и бр. 07/2025) Закон за урбано зеленило (Сл. весник на РМ број 11/18 и 42/20) , односно урбанистичкиот проект се изработува за спроведување на ЛУПД каде што не се појавува потреба од усогласување на градежните со катастарските парцели.

1. ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Планскиот опфат се наоѓа во близина на градот Струга, околу 1800 м источно од градот. Географската положба и атрактивноста на локацијата и добрата сообраќајна поврзаност даваат можност да на овој простор ќе може да се изградат згради за времено сместување со апартмани и студија – (А4.1) што ќе придонесе за развојот на туризмот во Струшкиот регион. Планскиот опфат е расположен на рамен терен и целосно ја опфаќа К.П 2007, во КО Мислешево вон град, Општина Струга.

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници на планскиот опфат изнесува 8081.03 м2 односно 0, 81 ха.

Опфатот за предметниот Урбанистички проект е дефиниран со следните граници:

- На **север** границата се движи по јужната граница на К.П 2006/1
- На **исток** границата се движи по западна граница на К.П 2805/5
- На **југ** границата се движи по северната граница на заштитниот појас на ул.„Туристичка“
- На **запад** границата се движи по осовината на постојниот макадамски пат К.П 2011

Границата на проектниот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка, како што следи:

Бр. Точка Y/ X

КП.бр. 2007 КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД

Бр. Точка	Y	X
1	7475802.45	4559043.55
2	7475813.48	4559040.56
3	7475824.02	4559038.03
4	7475855.40	4559032.64
5	7475889.41	4559025.68
6	7475921.99	4559018.57
7	7475936.75	4559015.20
8	7475948.47	4559012.92
9	7475960.23	4559008.88
10	7475951.19	4558989.95
11	7475943.88	4558979.07
12	7475934.06	4558969.08
13	7475931.01	4558966.06
14	7475787.20	4558990.77
15	7475793.43	4559012.62

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Појдовна основа за изработка на Урбанистички проект за разработка на ГП 1.0 по ЛУПД наменета за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија - (А4.1) на КП 2007 во КО Мислешево (вон град), Општина Струга е Изводот од ЛУПД со тех.бр.11/16 и во него се применети законските и подзаконски акти и тоа: Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16,134/16, 33/17 и 86/18),
Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на Генерален урбанистички план Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Регулациски план на Генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и Архитектонско урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр.142/15) и другата позитивна законска регулатива.

Треба да се напомене дека во временскиот период од усвојувањето на Локално Урбанистичката Планска Документација за изградба на викенд куќи – намена А4 (времено сместување) на К.П 2007 во К.О Мислешево (вон град), Општина Струга и Урбанистичкиот проект за разработка на Г.П 1.0 е донесена нова законска регулатива, односно на сила се: Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 32/2020, бр. 111/2023, бр. 73/2023, бр. 171/2024, бр. 224/2024 и бр. 40/2025), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022, бр. 99/2023 и бр. 07/2025), Закон за урбано зеленило (Сл. весник на РМ број 11/18 и 42/20)

Конкретно, предложениот Урбанистичкиот проект за разработка на Г.П 1.0 преставува разработка на ЛУПД согласно член 58 став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 32/2020, бр. 111/2023, бр. 73/2023, бр. 171/2024, бр. 224/2024 и бр. 40/2025) со кој е овозможено да намената А4 (времено сместување) согласно Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање да добие можност од нова номенклатура и тоа:

А4 – Времен престој
А4.1 - Хотели , пансиони и згради со апартмани и студија
А4.2 - Мотели
А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување
А4.4 - Планинарски домови
А4.5 - Ловни домови, шумски куќи и истраживачки куќи
А4.6 - Кампови – Спортски кампови, автокампови, детски и младински кампови
А4.7 - Традиционални куќи за потреби на туризмот (селски, планински, езерски)

Согласно предложеното, големината на оформената градежна парцела согласно ЛУПД и К.П 2007 и близината на градот Струга и Охритското езеро, најадекватна намена на основната А4-времен престој **е А4.1-згради со апартмани и студија**, што е елаборирано во Урбанистичкиот проект за разработка на Г.П 1.0 .

Урбанистички проект за разработка на ГП 1.0 по ЛУПД наменета за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија - (А4.1) на КП 2007 во КО Мислешево (вон град), Општина Струга е изработен согласно член 58 став 2, Т.1 од ЗЗаконот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 32/2020, бр. 111/2023, бр. 73/2023, бр. 171/2024, бр. 224/2024 и бр. 40/2025) и член 52 од

Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022, бр. 99/2023 и бр. 07/2025) т.е нова законска регулатива.

Со изработка на Урбанистички проект се овозможува реализација на Г.П 1.0 на К.П 2007, во КО Мислешево (вон град) Општина Струга, како и максимално користење на просторот без нарушување на јавниот простор.

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

Специфичните потреби во рамки на опфатот кои треба да се задоволат со овој урбанистички проект се:

- Обезбедување на сообраќаен пристап и паркирање
- Зголемување на стандардот на домувањето
- Унапредување на урбаното зеленило
- Рационално користење на земјиштето,
- Подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица,
- Почитување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- Почитување на мерки за заштита и спасување,

При планирање на сообраќајната инфраструктура, потребно е да се почитува планираната пристапна улица, со која ќе се обезбеди сообраќаен пристап до градежната парцела и да се обезбеди непречено одвивање на сообраќајот во рамки на опфатот, односно парцелата.

За градежната парцела потребно е приклучување на планираната и постоечката инфраструктура која се движи по пристапната улица, со цел задоволување на комуналните потреби на градбата во новоформираната ГП.

Изработувањето и донесувањето на Урбанистичкиот проект да биде во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 32/2020, бр. 111/2023, бр. 73/2023, бр. 171/2024, бр. 224/2024 и бр. 40/2025) Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022, бр. 99/2023 и бр. 07/2025), Закон за урбано зеленило (Сл. весник на РМ број 11/18 и 42/20) како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

При изработувањето на Урбанистички проект за разработка на ГП 1.0 по ЛУПД наменета за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија - (А4.1) на КП 2007 во КО Мислешево (вон град), Општина Струга, треба, да се почитуваат сите податоци, информации и мислења добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

Добиени податоци и информации за постоечката инфраструктура во и непосредно до проектниот опфат:

Електроенергетска инфраструктура

Према податоците добиени од ЕВН – Елекродистрибуција ДООЕЛ Скопје допис бр.10-23/7-39 од 06.02.2024 г. за проектниот опфат дадена е информација дека 35 КВ надземна мрежа која минува низпроектниотопфат – градежната парцела е предвидена за демонтажа.

Составен дел на одговорот е и прилог – графички приказ (подлога во pdf) со вцртана постојна електроенергетска инфраструктура во поширокиот простор во и надвор од проектниот опфат.
Составен дел на одговорот е и прилог – графички приказ (подлога во pdf) со вцртана постојна електроенергетска инфраструктура во поширокиот простор но надвор од проектниот опфат.

Покрај тоа во одговорот се дадени и следните напомени кои треба да се спазат при изработката на проектната документација (основен проект) :

- При изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка – прилог скица со предлог локација).

- Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

- Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

- При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се информира најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Според податоци добиени од МЕПСО (одговор бр. 11-1187/1 од 02.02.2024 г.) проектниот опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во нивна сопственост.

Телекомуникациска инфраструктура

Према податоците добиени од 'Македонски Телеком' АД Скопје, под број 58836 од 02.02.2024 г. година во проектниот опфат има постојна МКТ инфраструктура која е аплицирана во приложен графички прилог.

Према податоците добиени од 'А1' Македонија дооел, Скопје, под број 11-455/1 од 02.02.2024 г. година во проектниот опфат има постојни надземни инсталации прикажани во приложен графички прилог.

Према податоците добиени од 'АЕК', под број 1404-649/2 од 20.02.2024 година за проектниот опфат нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Хидротехничка инфраструктура

- **Водоснабдување и канализација**

Према информациите и податоците добиени од ЈП “Водовод и канализација” Струга допис бр. 09 - 136/2 од 16.02.2024 година кои се однесуваат на проектниот опфат не

информираат дека во близина на проектниот опфат постои изведена водоводна линија ПВЦ Ø200 како и изведена канализациска инфраструктура Ø400. Истите се прикажани во доставениот графички прилог.

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Во границите на опфатот на формираната градежна парцела 1.0 со-намена А4 (времено сместување) нема изградено објекти и низ неа не поминуваат инфраструктурни инсталации.

Во изработката на ЛУПД за Градежна парцела 1.0, наменета за изградба на времено сместување -намена А4 (времено сместување) на К.П. 2007 во К.О.Мислешево (вон град), Општина Струга почитувани се одредбите од Т. 9.2.2.3 Села и крајбрежни населби – зона III-д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата) од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (Сл. весник на РМ бр.45/20).

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

Согласно изводот од ЛУПД е изработената за реализирање на истата е изготвена Проектна програма потпишана од инвеститорот. Со овој Урбанистички проект се планира намена:

- А4.1 времено сместување (згради со апартмани и студија).

Географската положба и атрактивноста на локацијата и добрата сообраќајна поврзаност даваат можност на овој простор да се изградат згради со апартмани и студија,што ќе придонесе за развојот на туризмот во Струшкиот регион. Планскиот опфат е расположен на рамен терен и целосно ја опфаќа КП 2007, во КО Мислешево вон град, Општина Струга.

Со предметниот урбанистички проект се почитува парцелацијата поради спроведување на планската документација и усогласување на катастарските со градежната парцела со цел да се овозможи реализација во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 32/2020, бр. 111/2023, бр. 73/2023, бр. 171/2024, бр. 224/2024 и бр. 40/2025) 58 став 2 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022, бр. 99/2023 и бр. 07/2025), Закон за урбано зеленило (Сл. весник на РМ број 11/18 и 42/20).

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.0

Согласно Изводот од ЛУПД за градежна парцела 1.0 се испочитувани дадените параметри и во тек на планирањето усогласени со Урбанистички проект за разработка на ГП 1.0 по ЛУПД наменета за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија - (А4.1) на КП 2007 во КО Мислешево (вон град), Општина Струга.

.

Основна класа на намена: А 4.1 времено сместување (згради со апартмани и студија)

За градежната парцела како компатибилни намени на основната класа на намена предвидени се согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ број 11/18 и 42/20). следниве класи на намена: Б1, Б3, В2, Д3 со максимално дозволено учество од 40% од основната намена.

Висина на венец: 10,20 м

Број на катови: П+2

Пристап: од пристапна постојна улица која се приклучува на ул. „Туристичка“ согласно усвоеното ЛУПД.

Параметри:

- Површината на градежната парцела 8081.64м2
- Апроксимативната површина за градење во приземје 5966.08 м2
- Максимална изграденост во приземје 3232 м2
- Максимална вкупно изградена бруто површина макс. 9696 м2
- Процент на изграденост на земјиштето до 40 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето до 1,2
- Максимална спратност П+2+Пк.
- Максимална височина на градбата 10.2 м

Параметрите од ЛУПД се усогласени со Урбанистички проект за разработка на ГП 1.0 по ЛУПД наменета за изградба на згради за времено сместување со апартмани и студија - (А4.1) на КП 2007 во КО Мислешево (вон град), Општина Струга од приложената табела:

Број на ГП	Површина на ГП (м²)	Број на објект		Класа на намена на градбите	Мах.површина за градење (м²)	Вкупно изградена површина (м²)	Мах. Висина (м)	Мах. катност	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност (К)	Планиран број на паркинг места	Пристапни патеки, паркинг и внатрешен сообраќај	Површина на зеленило
1.0	8081.64	1	Зграда за времено сместување со апартмани и студија	А4.1- Згради за времено сместување со апартмани и студија	588.98	1,766.94	10.2	П+2	7.29	0.22	58	2984.14	2422.61
		2	Зграда за времено сместување со апартмани и студија		588.98	1,766.94	10.2	П+2	7.29	0.22			
		3	Зграда за времено сместување со апартмани и студија		588.98	1,766.94	10.2	П+2	7.29	0.22			
		4	Зграда за времено сместување со апартмани и студија		291.24	873.72	10.2	П+2	3.60	0.11			
		5	Зграда за времено сместување со апартмани и студија		291.24	873.72	10.2	П+2	3.60	0.11			
		6	Зграда за времено сместување со апартмани и студија		291.24	873.72	10.2	П+2	3.60	0.11			
		7	Скалишно јадро до подземен паркинг		16.73	16.73	4.5	П	0.21	0.00			
		8	Трафостаница		17.50	17.50	4.5	П	0.22	0.00			
Вкупно					2674.89	7,956.21			33.10	0.98			

Што се однесува до планираните објекти во рамките на опфатот, согласно ЛУПД, тие се распоредени периметрално околу границата на парцелата во рамките на планираната градежна линија. Во планирањето, со разработката на ЛУПД водејќи сметка за ограничената површина под објекти, поставени се два типа на објекти од кој првиот тип нумериран како објект 1, објект 2, објект 3 и вториот тип на објекти како објект 4, објект 5, објект 6 т.е вкупно шест објекти со намена А4.1 - времено сместување (згради со апартмани и студија). До секој објект е обезбеден пешачки и колски пристап.

Број на ГП	Површина на ГП ($м^2$)	Намена на површина	Површина ($м^2$)	Процент во проектниот опфат (%)
1.0	8081.64	Површина под објекти	2674.89	33.10
		Пристапни патеки, паркинг и внатрешен сообраќај	2984.14	36.92
		Зеленило во ГП	2422.61	29.98

Паркирање: Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022, бр. 99/2023 и бр. 07/2025).

.

Зеленило: Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела, потребно е да изнесува минимум 20% согласно Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ број 11/18 и 42/20).

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО СО БИЛАНСИ ОД ЛУПД

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ	површина Ха	процент %
	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	0.81	100.0
СИСТЕМ НА КЛАСИ НА НАМЕНА НА ДЕЈНОСТИ			
А	ДОМУВАЊЕ	0.81	100.0
А4	ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ	0.81	100.0

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО СО БИЛАНСИ ОД УП

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ	површина Ха	процент %
	ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	0.81	100.0
СИСТЕМ НА КЛАСИ НА НАМЕНА НА ДЕЈНОСТИ			
А	ГРАДБИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ	0.81	100.0
А4.1	ЗГРАДИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ СО АПАРТМАНИ И СТУДИЈА	0.81	100.0

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО БИЛАНСИ ОД ЛУПД

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ	површина м2	процент %
	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	8081.64	100.00
1.	ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ	8081.64	100.00

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО БИЛАНСИ ОД УП

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ	површина м2	процент %
	ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	8081.64	100.00
1.	ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА ЗГРАДИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ СО АПАРТМАНИ И СТУДИЈА)	8081.64	100.00

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ОД ЛУПД ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1, НАМЕНЕТА ЗА ИЗГРАДБА НА ВИКЕНД КУЌИ, НАМЕНА А4 - ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА КП 2007 ВО КО МИСЛЕШЕВО (ВОН ГРАД), ОПШТИНА СТРУГА

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА					ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА						
број на градежна парцела	класа на намена	компат. класа на намена	%	површина на парцела м2	максим. површина за градење во приземје м2	максим. изграденост на приземје м2	максим. височина м	број на етажи	вкупно изградена бруто површина м2	процент на изграденост %	коефиц. на искорист. К
1.	А4	Б1 Б3 Б2 Д9	30%	8081.64	5966.08	3232	10.20	П+2+Пк	макс. 9696	до 40%	до 1.2

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА РАЗРАБОТКА НА Г.П 1.0 ПО ЛУПД НАМЕНЕТА ЗА ИЗГРАДБА НА ЗГРАДИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ СО АПАРТМАНИ И СТУДИЈА - (А4.1) НА К.П. 2007 ВО КО МИСЛЕШЕВО (ВОН ГРАД), ОПШТИНА СТРУГА

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА					ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА						
број на градежна парцела	класа на намена	компат. класа на намена	процент на учество %	површина на парцела м2	максим. површина за градење во приземје м2	максим. изграденост на приземје м2	максим. височина м	број на спратови	вкупно изградена бруто површина м2	процент на изграденост %	коефиц. на искорист. К
1.0	А4.1	Б1 Б3 В2 Д3	30%	8081.64	5966.08	2674.89	10.20	П+2	макс. 7956.21	33.10	0.98

ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА СО БИЛАНСИ ОД ЛУПД ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1, НАМЕНЕТА ЗА ИЗГРАДБА НА ВИКЕНД КУЌИ, НАМЕНА А4 - ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА КП 2007 ВО КО МИСЛЕШЕВО (ВОН ГРАД), ОПШТИНА СТРУГА

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ	површина на гр.парцела	површина на партерно уредување и зеленило	процент на партерно уредување и зеленило
		м2	м2	%
	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	8081.64		
1.	ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ (ВИКЕНД КУЌИ)	8081.64	2115.56	30 %

ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА СО БИЛАНСИ ОД УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА РАЗРАБОТКА НА Г.П 1.0 ПО ЛУПД НАМЕНЕТА ЗА ИЗГРАДБА НА ЗГРАДИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ СО АПАРТМАНИ И СТУДИЈА - (А4.1) НА К.П. 2007 ВО КО МИСЛЕШЕВО (ВОН ГРАД), ОПШТИНА СТРУГА

СИМБОЛ	ЗНАЧЕЊЕ	површина на гр.парцела	површина на партерно уредување и зеленило	процент на партерно уредување и зеленило
		м2	м2	%
	ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	8081.64		
1.0	ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ЗА ЗГРАДИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ СО АПАРТМАНИ И СТУДИЈА)	8081.64	2422.61	29.98

СООБРАЌАЕН ПРИСТАП И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПАРКИНГ МЕСТА

При изготвувањето на Урбанистички проект за ГП 1.0 од ЛУПД пристапот до предметната локација се одвива преку :

Пристапна улица „1“ и „1“ со вкупна ширина од 5,5 м - двостран коловоз со вкупна ширина од 5,5м (2x2,75) и пешачки и колско - пешачки патеки со вкупна ширина од 2,75 м.

Сообраќајот внатрешно е решен со пристап до рампа за пристап до подземно ниво во парцелата 1.0 за која паркирањето е заеднички решено. Околу планираниот објект има и пешачки патеки за пристап на пешаци до објектот.
Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за градежната парцела ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела со почитување на потребен број паркинг места, како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба согласно членовите 127,128,129, 130 и др. од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022, бр. 99/2023 и бр. 07/2025) заедно со подземното паркирање во рамките на ГП 1.0.

Во подземното ниво обезбедени се 40 паркинг места (по норматив 1 паркинг место на 8 легла..Во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022, бр. 99/2023 и бр. 07/2025)

- едно паркинг место на 8 легла за А4.1 времено сместување (згради со апартмани и студија).

Планираните 66 апартмани и студија во својот простор имаат испланирано 183 легла, кои со нормативот едно паркинг место по 8 легла треба да обезбеди минимум 23 паркинг места.Планирањето во рамките на Г.П 1.0 овозможува реализација 40 паркинг места во подземниот паркинг простор и паркирање на 40 велосипеди (во рамки на подземниот паркинг простор) и 18 паркинг места организирани во две паркиралишта на терен.

Вертикалното движење на возилата од котата на тротоарот до котата на подземното ниво е решено со рампа со 10-15% пад.

ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ И ХОРТИКУЛТУРА

Број на ГП	Површина на ГП (м²)	Намена на површина	Површина (м²)	Процент во проектниот опфат (%)
1.0	8081.64	Површина под објекти	2674.89	33.10
		Пристапни патеки, паркинг и внатрешен сообраќај	2984.14	36.92
		Зеленило во ГП	2422.61	29.98

Површината околу објектите во рамки на градежната парцела е организирана со сообраќаен пристап, зеленило и пешачки патеки за пешачки пристап до станбениот дел, во приземјето и во подземното паркирање.

Во рамки на парцелата предвидена е површина од 2422,61м^2 зеленило на партер, или 29,98% од површината на планскиот опфат.

Ниско зеленило 335,97 м^2 е зеленило над планираното подземно паркирање или 4,16%.

Високо зеленило каде може да се садат високи садници е со површина од 2086,64 м² или 25.82% од површината на планскиот опфат.

Внатрешен сообраќај-пристапни патеки,пешачки патеки,паркинг и внатрешен сообраќај зафаќа површина од 2984,14 м² или 36,92%

Подземен паркинг за 40 возила и паркинг за велосипеди со 40паркинг места зафаќаат поземна површина од 1040,0 m² .

Површина под објекти во рамки на опфатот 2674,89м² или 33.10%

5. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА 1

5.1 Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на проектот и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по стапување во сила на урбанистичкиот проект.

